INTERNATIONAL MONETARY FUND
COM
COMMUNICATIONS DEPARTMENT

Соопштение за медиуми бр. 19/214
ЗА ОБЈАВА ВЕДНАШ
14 јуни 2019 год.

Меѓународен монетарен фонд
Washington, D.C. 20431 USA

**ММФ ќе отвори нова регионална канцеларија за Западен Балкан**

Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) ќе отвори нова регионална канцеларија на резидентен претставник за зајакнување на односите со Албанија, Косово, Црна Гора и Република Северна Македонија. Со седиште во Виена, новата канцеларија ќе помогне во одржувањето на блиски релации со четирите земји, како и со донаторите, меѓународните институции, вклучувајќи ја и Светска банка, и австриската влада, која е важен трговски и развоен партнер на регионот на Западен Балкан.

Новата канцеларија ќе биде раководена од Стефани Ебле, која во моментов е шеф на мисијата на ММФ за Косово. Таа има германска националност, а претходно работела на Украина, Грција, Србија и Босна и Херцеговина. Дипломирала на Лондонската школа за економија. Г-ѓа Ебле ќе ги надгледува локалните тимови во постојните канцеларии во Албанија, Косово и Северна Македонија, кои ќе продолжат со работа и понатаму. Србија и Босна и Херцеговина, кои имаат активни програми со ММФ, ќе останат со свои претставници.

"Оваа нова канцеларија во Виена ќе биде важен дел од нашите тековни односи со овие четири земји, бидејќи тие се стремат кон пристапување во Европската Унија", рече заменикот на главниот директор на ММФ, Тао Џанг, по состанокот со гувернерот на австриската Народна банка, Евалд Новотни и Харалд Веиглаин, генерален директор во Министерството за финансии, во Виена. "Поставувањето на канцеларијата како регионална е финансиски оправдано и исто така ни помага да бидеме блиску до нашите членки во регионот и водечките развојни партнери", додаде тој.

Канцеларијата ќе започне со работа на есен, а точниот датум дополнително ќе биде објавен.